Наративен извештај за октомври 2018 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

Во текот на месец октомври 2018 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности, а се со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2018 година. Во остварување на агендата на директорот на ЈП за државни патишта, активностите за овој месец започна со продолжување на интензивни преговори и ефективни состаноци, за потпишување на Анекс бр.3 кон Договорот за Изградба на автопатот Кичево – Охрид, заради потребата од изведување на нужните и неопходните, непредвидени и дополнителни градежни работи, а се со цел за целосно завршување на проектот. Преговорите се реализираа во следниот состав: заменик претседателот на Влада на РМ, задолжен за економски прашања, Кочо Анѓушев, Директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов, изведувачот SINOHYDRO, надзорот ГИМ, како и професори од Градежниот фалултет во следниот состав: декан Дарко Мославац, продекан Јосиф Јосифовски и проф. Горан Марковски кои се ревиденти на проектот.

Директорот на ЈП за државни патишта - Зоран Китанов заедно со Министерот за транспорт и врски – Горан Сугарески направија теренски увид на динамиката на работата на Проектот: Изградба на експресен пат А4 Штип - Радовиш во должина од 23,5 км.

Од страна на Заменикот на Претседателот на Влада на РМ, задолжен за економски прашања - Кочо Анѓушев, Министерот за транспорт и врски -Горан Сугарески, Директорот на ЈП за државни патишта - Зоран Китанов како и надзорот задолжен за овој проект од ГИМ - Ангел Настов, направен е теренски увид на градежни работи на Проектот: Изградба на автопатот Кичево – Охрид, кај тунелот на локација Пресека.

Беа продолжени координативните состаноци во просториите на Секретаријатот за европски прашања кај заменикот на Претседателот на Влада на РМ, задолжен за европски прашања Бујар Османи, за Проектот: Изградба на автопатот Скопје – Блаце, каде што беа повикани експертите назначени за овој проект Yanni Koutras и Hubert Warsmann, како и претставници од Европска банка за обнова и развој Анка Јоана Јоанеску и Биљана Милошевска.

По повод одбележувањето на 69 години од постоење на Градежен факултет – Скопје, директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов, доби Покана од Градежниот факултет – Скопје, на кој што настан Директорот имаше свое обраќање до присутните.

Јавното претпријатие за државни патишта најостро ја демантира информацијата објавена на дел од медиумите дека тунелите на автопатот

Демир Капија – Смоквица се без напојување. Јавноста беше информирана дека тунелите ниту една секунда не останале без напојување, односно без осветлување.

Директорот на ЈП за државни патишта - Зоран Китанов заедно со Министерот за транспорт и врски – Горан Сугарески направија теренски увид за динамиката на работата на Проектот: Рехабилитација на државен пат Р1309, делница Кочани – Пониква во должина од 10,4 км., широчина од 6м.

Во Јавното претпријатие за државни патишта се одржа состанок во кој учествуваа бројни претставници, како главни истражувачи, истражувачи и учесници на Меѓународниот научно – истражувачки проект со наслов: Примена на ПМБ во носечките асфалтни слоеви на коловозната конструкција кај патишта со тешко сообраќајно оптоварување и автопатишта, каде што учество зема Директорот на ЈП за државни патишта.

Директорот на ЈП за државни патишта беше во посета на Р.Словенија, каде што од страна на Друштвото ИГЕА беше одржана презентација и демонстрација на системот за следење и управување за инвестициски проекти. Воедно Директорот на ЈП за државни патишта заедно со претставници и Директорот на Друштвото ИГЕА го посетија конгресот за транспорт и транспортна инфраструктура.

Во просториите на Министерство за транспорт и врски се одржа состанок со Министерот за транспорт и врски - Горан Сугарески, Директорот на ЈП за државни патишта - Зоран Китанов и г-ѓа Нина Фити Неделковска советникот во канцеларијата на Извршниот директор на Светска Банка во Вашингтон, која што беше во посета на Република Македонија. Темата на состанокот беше запознавање со проектите на ресорното министерство и проектите на ЈП за државни патишта, како и тековната и планирана соработка со Светска банка.